Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 101/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09.05.2023 година, врз основа на примена жалба од лицето Ина Џугуманова ја донесе следната:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Интернет порталот „Женски магазин“ со текстот насловен „Прерано згаснаа тие очи како срна: Животот си го одзеде на 45 години - 4 години од смртта на познатата актерка Билјана Беличанец“, објавена на 06.04.2023 година, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 7 април 2023 година, Ина Џугуманова поднесе жалба за текстот со наслов „Прерано згаснаа тие очи како срна: Животот си го одзеде на 45 години- 4 години од смртта на познатата актерка Билјана Беличанец“, објавена на 06.04.2023 година, на интернет порталот „Женски магазин“. Во жалбата се наведува дека во предметниот текст е прекршен Кодексот на новинарите, не наведува точно кои членови од Кодексот, но смета дека е неетичко известувањето за починатото лице.

Во жалбата се наведува дека преку оспорената содржина интернет порталот може негативно да влијае врз семејството и блиските личности на починатото лице, а дополнително начинот на кој што е напишан текстот може да поттикне и други лица да си го одземат животот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со „Женски магазин“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

„Женски магазин“ не одговори и не се изјасни по наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и со мнозинство гласови одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 9 мај 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека од интернет порталот, во моментот на одржувањето на седницата, оспорената содржина е отстранета.

Комисијата констатира и дека во оспорената содржина сосема непотребно се откриваат детали за начинот на кој е извршено самоубиство пред четири години, но бидејќи станува збор за јавна личност, како и дека истите детали веќе многу пати биле објавени во јавноста, нема основа да се утврди прекршување на Кодексот, кој пропишува дека не треба да се известува со сензационализам од трагични настани.

Дел од членовите на Комисијата, во текот на расправата го застапуваа ставот дека во случајов има елементи на сензационализам во известувањето, но мнозинството имаа став дека кога станува збор за јавни личности можни се отстапки при известувањето за самоубиства, особено што во случајов станува збор за веќе објавени информации.

Сепак, Комисијата апелира до медиумите да бидат исклучително внимателни кога станува збор за сензитивни теми од ваков вид и дека секогаш при известувањето за самоубиства треба да бараат начин да избегнат изнесување премногу описни детали за начините како тие се случиле, дури и кога станува збор за јавни личности. Ова важи дотолку повеќе, што во конкретниот случај нема никаков нов елемент што дава основа да се потенцира фактот дека станува збор за самоубиство или пак да се повторува описот за начинот на кој истото се случило.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Се обврзува „Женски магазин", во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595